Република Македонија
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***- Комисија за жалби по јавните набавки -***
**Бр.46 -79/1**
**3.11.2006 година**
**Скопје**

Врз основа на член 19 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби по јавни набавки на Владата на Република Македонија, Комисијата на седницата одржана на 3.11.2006 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

**за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Комисијата за жалби по јавни набавки на Владата на Република Македонија бр.50/16 од 14.09.2004 година.**

## Член 1

Во член 8, став 3 се менува и гласи: "Седниците на Комисијата се одржуваат ако присуствуваат мнозинство од членовите".

## Член 2

Во член 13, став 3 се менува и гласи: "Решенијата по приговорите и жалбите се донесени доколку за нив гласале мнозинството од присутните членови на Комисијата. Во случај ако гласаат "за" или "против" подеднаков број од присутните членови, одлучувачки е гласот на Претседателот на Комисијата, односно неговиот заменик или членот кој ја води седницата на Комисијата, ако настапил случајот како во член 4, став 4 од овој Деловник ."

## Член 3

Во член 16 по ставот 3, се додава нов став 4 кој гласи: "На крајот од Записникот се содржани изјавите на секој од членовите на Комисијата кои ги потврдуваат резултатите од гласањето."

## Член 4

Одлуката за изменување и дополнување на Деловникот стапува во сила со денот на донесувањето.

Скопје, 3.11.2006

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Слободан Поповски**